# УЛОГАТА НА ЕКСПЛИЦИТНИТЕ ИНСТРУКЦИИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ ПРАГМАТИЧКА КОМПЕТЕНЦИЈА ПРИ УЧЕЊЕТО АНГЛИСКИ И ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК

## Цели на проектот

1. да го истражи влијанието на експлицитните инструкции врз стекнувањето прагматичка компетенција од страна на изучувачите на странски јазици; и

2. да ја утврди улогата на интернетот како платформа за изучување на странските јазици.

*Поконкретно, проектот ќе ја истражува реализацијата на говорните чинови за замолување, извинување и приговарање во меѓујазикот на изучувачите на англискиот и на германскиот јазик; ќе ги определи причините кои доведуваат до прагматички неуспех во комуникацијата на неродените говорители; ќе го истражува влијанието на експлицитните инструкции за подобрување на прагматичката компетенција на изучувачите на англискиот и германскиот јазик како странски јазик; и ќе ја утврди улогата на интернетот како медиум за учење странски јазици.*

## Фази низ кои ќе се реализира проектот

1. Разгледување на досегашните истражувања;

2. Креирање на инструменти за оценување на прагматичката компетенција на изучувачите на Ј2;

3. Избор на студенти-учесници во проектот;

4. Определување на прагматичките карактеристики кои ќе бидат предмет на истражување;

5. Креирање модули на е-учење за развивање на прагматичката компетенција на изучувачите;

6. Упатување на студентите-учесници во проектот и креирање на временска рамка за нив;

7. Определување на инструментите за евалуација на прагматичката компетенција на изучувачите по изработката на модулите;

8. Издавање на монографија во која ќе се опишат резултатите и искуствата; и

9. Организирање собир за десиминација на искуствата за сите заинтересирани страни.

## Очекувани резултати и нивна примена

- Изработка на контрастивни студии за реализација на говорните чинови кои се предмет на истражување на овој проект (замолување, извинување и приговарање) кои ќе можат да се користат и во други истражувања, како и за студентите на постдипломски и докторски студии.

- Изработка на неколку вида тестови за оценување на прагматичката компетенција на изучувачите на англискиот и германскиот јазик.

- Собирање корпус на англиски и германски меѓујазик на изучувачите на овие јазици кој постојано би се надополнувал и би им служел како солидна база на истражувачите.

- Изработка на модули за учење на говорните чинови кои ќе можат да се користат во наставата по англиски и германски јазик.

- Издавање на монографија во која ќе бидат изнесени сите искуства и резултати од истражувањето. Таа би пополнила дел од празнината која постои во македонската научна мисла во врска со прагматиката, прагматичките истражувања и стекнувањето прагматичка компетенција.